**Известување за концентрација со која МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград, Република Србија ќе стекне контрола над ПУЛСЕЦ ГмбХ од Виена, Република Австрија (предмет бр. 08-53/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 10.03.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград**,** Република Србија, со седиште на адреса ул. Милентија Поповиќа 9, единица 3020, Нови Белград 11070, Република Србија, ќе стекне посредна контрола над ПУЛСЕЦ ГмбХ од Виена, со регистрирано седиште на ул. Кругенштрасе 2/7, 1010 Виена, Република Австрија, по пат на купопродажба на удел.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград е регистриран за безжични телекомуникации. Истиот се бави со телекомуникации, комуникациски услуги, мултимедија, мобилна телефонија, ОТТ телевизија и им овозможува на корисниците да гледаат повеќе од 400 забавни, информативни, спортски, филмски, детски и други омилени канали од Балканот.

МТЕЛ ГЛОБАЛ ДОО Белград е во сопственост Телекомуникации Република Српска акционерско друштво, Бања Лука, Босна и Херцеговина, кое е поврзано друштво на Телеком Србија, акционерско друштво Белград, Србија.

Поврзано лице на Телеком Србија на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, Република Северна Македонија. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на Телеком Србија на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, Република Северна Македонија, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

Основната дејност на ПУЛСЕЦ ГмбХ од Виена е давање услуги од областа на ИТ/Сајбер безбедност, односно нуди напредни ИТ безбедносни решенија како што се: Решенија за заштита на мрежата, решенија за заштита на крајна точка, SOC 24/7 безбедносен

мониторинг на мрежна и компјутерска опрема, безбедност на податоци, решенија базирани на облак со нула доверба, итн.

Целното друштво нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар за давање на услуги за мрежна безбедност во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

18.03.2026 година
Скопје